Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 04-327/2
09 07 2021 год.
СКОПЈЕ

# *РЕФЕРАТ*
# *ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ ВО НАУЧНА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ПВУ-ВСШ ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА – СКОПЈЕ*

Со Одлука донесена седница, на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, одржана на 08.07.2021 година, определени сме за членови на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во наставно звање за научната област Меѓународна економија на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија - Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Слободен печат" на 30.06.2021 година, и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Давид Салтамарски., магистер по економски науки од областа на меѓународната економија.

Врз основа на приложената документација, рецензентската комисија во состав: проф.д-р Антонија Јосифовска, редовен професор, проф.д-р Димитар Ефтимовски, редовен професор, проф.д-р Жанина Кировска, виш научен соработник/вонреден професор на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје го поднесеме следниов

## *ИЗВЕШТАЈ*

*Биографски податоци*

М-р Давид Салтамарски е роден 1994 година во Скопје, Република Северна Македонија. Дипломирал на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј" Скопје, на Факултетот за земјоделски науки и храна и се стекнува со звање дипломиран земјоделски инжењер, студиска програма Агроекономија, со просечна оценка 8,51. Магистерските студии ги продолжува на Економскиот Институт Скопје, кои успешно ги завршува во 2020 година со одбрана на магистерскиот труд „Особености на надворешно трговската размена на Република Северна Македонија со осврт на состојбите во винскиот сектор" и се стекнува со звање **Магистер по економски науки во областа на меѓународната економија**. Просечната оценка на студирање на овој циклус изнесува 8,71.

Во периодот јуни-август 2019 м-р Салтамарски има студиски престој на Карлов универзитет во Прага, Република Чешка, каде што на TFAS Fund for American Studies, бил оценет со највисоката оценка ( GPI A grade).

*Научноистражувачка дејност*

Во периодот додека е на постдипломски студии кандидатот м-р Давид Салтамарски бил вклучен во научно-истражувачката работа на следните меѓународни проекти:

1. Собирање на податоци за сибирските бегалци, JICA ( Japanese International cooperation agency), септември 2016-јуни 2017, национален координатор
2. Имплементација на вештачка интелегенција во секторот за корисници на Медиоланум банка, Милано, Италија, Февруари-Јуни 2018, Политехнички универзитет во Милано
3. Economics of Sustainability, Erasmus + project, јануари -мај 2020, соработник

Во текот на работата на горенаведените проекти кандидатот имал можност да соработува и размени искуства со истражувачи од врвни европски универзитети и научно-истражувачки институции.

Кандидатот има прифатен труд за објавување под наслов: Wine sector analyzed trough PESTLE analysts as a part of strategic development, Journal of sustainability development, IBF, Skopje.

М-р Давид Салтамарски, по магистрирањето работи во компанијата T-Dynamics, како консултант за корпоративни анализи. Дополнително кандидатот има учество на тренинзи и обуки од областа на интерес. Тоа ја покажува неговата континуирана проактивност и подготвеност и понатаму да го развива својот потенцијал и да се стекнува со нови сознанија.

Тој поседува комуникациски и други вештини и квалификации, солидна компјутерска едуцираност, способност за тимска работа и одлично познавање на странски јазик (англиски). М-р Давид Салтамарски е стипендист на TFAS академијата.

Доколку ги квантифицираме вредностите на кандидатите, согласно одредбите на позитивните законски прописи во доменот на високото образование и актите на ФБЕ, поените за севкупната активност за кандидатот м-р Давид Салтамарски се 26.

Имајќи ги предвид претходно наведените податоци, Рецензенската комисија пред Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје го дава следниот

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија, по увидот на документацијата поднесена со пријавата за распишан конкурс за избор на еден наставник во наставно звање од областа на Меѓународна економија, констатира дека кандидатот м-р Давид Салтамарски ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје и распишаниот конкурс.

Согласно Правилникот за критериуми и постапката за избор на наставни и соработнички звања на Факултет за бизнис економија Скопје кандидатот м-р Давид Салтамарски има 26 поени кои се однесуваат на целокупната активност.

Рецензентската комисија позитивно го вреднува и оценува кандидатот м-р Давид Салтамарски, кој ги има потребните квалитети и потенцијал да биде вклучен и да напредува соодветно во високообразовната дејност и истражувачка работа, и капацитет за наставно-образовна и научно-истражувачка дејност кои се потребни за изршување на избор согласно конкурсот.

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставничкиот совет да го избере кандидатот м-р Давид Салтамарски во наставно звање **предавач од областа на Меѓународна Економија** на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје.

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Антонија Јосифовска,ред.проф. ____________________
2. Проф. д-р Димитар Ефтимоски,ред.проф. ____________________
3. Проф. д-р Жанина Кировска,вон.проф. ____________________